586

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
— Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik -
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 14-05-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numri: 26-586/2 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |

До
Националната комисија за учебници

Во согласност на одлуката на НКУ, **проф. д-р Тони Филипоски е избран за член-известител** за наставниот предмет: ГЕОГРАФИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование. По доставување на сета потребна документација по електронски пат на 04.05.2026, од страна на Педагошката служба на МОН на РС Македонија, а согласно членовите 9 и 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ бр. 3 од 3.01.2025 го поднесувам следново:

# ИЗВЕСТИЕ

за ракописите на наставниот предмет: ГЕОГРАФИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ основно деветгодишно образование. На Конкурсот за учебници во основно образование, за наставниот предмет: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование, според БРО и решение бр.: 02-170/10 од 2.2.2026 г., се пријавиле три ракописи (под шифри **27, 28, 29**). Бирото за развој на образование доставило опсежни мислење за трите ракописи (под шифри 27, 28, 29) бр. 09-170/28 од 17.02.2026, изготвени од стручна комисија во состав: м-р Ирена Никоска Ајановска, советник и м-р Трајче Калевски, советник; контролирал: м-р Афродита Давко, раководител на Одделение, одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на Сектор и потврдно потпишала м-р Милка Тримчевска, директор на БРО.

Комисијата внимателно ги разгледа доставените ракописи на учебник по предметот: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифри 27, 28, 29 и врз основа на *наставната програма по Географија за осмо одделение*, *Концепцијата за деветгодишно основно образование*, *Концепцијата за изработка на учебник* и *Методологијата за вреднување на учебник* го дава следното стручно мислење најпрво за ракописот под шифра 27:

- Комисијата утврди дека Ракописот е во обем од 201 страна и е структуриран на следниот начин*: предговор, водич низ учебникот и содржина*;
- Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со предметната наставна програма. Содржините во учебникот се развиени согласно стандардите за оценување и резултатите од учењето;
- Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат. Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. Учебникот не развива стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различностите;
- Учебникот овозможува учениците сами да учат од него и самостојно да извлекуваат заклучоци. Јазикот и стилот на кој е напишан ракописот на учебникот под шифра 27 го олеснува разбирањето на содржините. Во учебникот не се забележуваат јазични и правописни грешки;
- Во однос на подрачјето и графичкото обликување на учебникот обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Секој

илустрација е логички распоредена, графички обликувана, посебно насловена и одделена од текстот. Надворешниот и внатрешниот изглед на ги задоволува естетските стандарди.

Согласно горенаведеното Комисијата ракописот за учебник ги следи модуларните единици предвидени со наставната програма и другите потребни документи. Затоа Комисијата за ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **27 ДАВА ПОЗИТИВНО СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**.

Во врска со ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **28** Комисијата го изнела следново стручно мислење:

- Комисијата утврди дека Ракописот е во обем од 114 страни и е структуриран на следниот начин*: предговор и содржина*;
- Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот во голем дел ги следи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со предметната наставна програма. Во учебникот се застапени содржини кои не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и предвидените резултати од учењето. Постојат и стандарди за оценување, предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени;
- Во однос на изборот и приказот на содржините, во еден дел од лекциите се презентирани фотографии и графички прикази во значително смален формат, што на ученикот не му овозможува во доволна мера да ги согледа и усвои она што треба да го научи. Примерите и илустрациите во учебникот не се во целост прилагодени и во функција на наставните содржини. Во учебникот се забележуваат прашања кои не се во целост во функција на наставната програма;
- Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми. Во однос на подрачјето и графичкото обликување во некои деловине се обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Во учебникот постојат одредени фотографии и илустрации кои иако се логично распоредени и соодветно насловени, истите се со многу мали димензии и на тој начин не обезбедуваат задоволителна прегледност за учениците. Надворешниот изглед на учебникот сепак ги задоволува естетските стандарди.

Согласно горенаведеното Комисијата забележува дека дел од соджините не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и резултатите од учењетонекои делови на учебникот не обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Затоа Комисијата за ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **28 НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**.

Во врска со ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **29** Комисијата го изнела следново стручно мислење:

- Комисијата утврди дека Ракописот е во обем од 161 страни и е структуриран на следниот начин*: предговор, користење на учебникот, содржина, прашања за*

*проверка на знаењето на темата, речник на помалку познати зборови и користена литература*;

- Во однос на подрачјето, усогласеност со наставната програма, учебникот не ги следи темите/подрачјата/модуларните единици како што е предвидено со предметната наставна програма. Во учебникот на се дефинирани и точно означени четири тематски целини. Во учебникот се застапени содржини кои не се доволно во функција на постигнување на стандардите за оценување и предвидените резултати од учењето. Постојат и стандарди за оценување, предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени;
- Во однос на изборот и приказот на содржините, во еден дел од лекциите не се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија. Примерите и илустрациите во учебникот не се во целост прилагодени и во функција на наставните содржини. Во учебникот има фотографии кои не се соодветно распределени според содржината која се изучува. Учебникот во некои содржини не е структуриран и организиран за да овозможи прегледност и лесно користење;
- Во учебникот не се забележани јазични и правописни грешки. Во однос на подрачјето и графичкото обликување овозможува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Надворешниот изглед на учебникот ги задоволува естетските стандарди.

Согласно горенаведеното Комисијата констатира дека во ракописот за учебник не се дефинирани и точно означени четири тематски целини како што е предвидено во наставната програма. Постојат стандарди за оценување и поими предвидени со наставната програма за осмо одделение, кои не се целосно опфатени во учебникот. Затоа Комисијата за ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **29 НЕ ДАВА ПОЗИТИВНО СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**.

Од друга страна рецензентската комисија за стручно вреднување за ракописот на учебник под шифра 27 по наставниот предмет: ГЕОГРАФИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ основно деветгодишно образование во состав: проф. д-р Ресуљ Хамити (Тетовски универзитет-Тетово), претседател; проф. д-р Марија Љакоска (ПМФ-УКИМ-Скопје), член; наставник м-р Невенка Стоева (ОУ „Љубен Лапе"-Скопје), секој член одделно поднесе своја рецензија/стручно мислење.

Во индивидулната рецензија на проф. д-р Ресуљ Хамити, претседател, која е напишана на 4 страни и поделена на шест поднаслови (*1. Општи карактеристики на ракописот; 2. Организација на темата и самоевалуација; 3. Интерактивност и мотивирање на учениците; 4. Педагошка и дидактичка вредност; 5. Заклучок; 6. Насоки за усогласување на учебникот*) е крајно позитивна рецензија. Притоа во заклучокот се наведува дека ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра 27 претставува современо и исклучително квалитетно наставно решение, изработено согласно образовните стандарди кое дава услови за ефикасна настава. Неговата јасна структура, содржинска усогласеност со наставната програма и примена на разновидни наставни методи обезбедуваат солидна и функционална основа за успешно реализирање на наставниот процес, како и за индивидуално совладување на материјалот. Кога се работи за

корекциите кои рецезентот ги нарекува усогласувања се остава простор авторите да пристапат кон дополнително уредување на визуелниот распоред , со цел содржините да добијат уште поголема прегледност и да можат полесно да се следат во текот на наставниот процес. Во таа насока може да се разгледа и можноста за финално јазично и техничко доусогласување на текстот, што би придонело за поголема јасност, прецизност и уредност на наставниот материјал. Дополнително се посочува можноста за натамошно усогласување на графичките елементи со текстуалните содржини, со цел постигнување на покомплетна, визуелно избалансирана и складна презентација на наставниот материјал. Овие насоки се однесуваат на доуредување на ракописот при што не би се сменила неговата суштина. Следствено на тоа **се дава позитивно мислење за ракописот под шифра 27** и по внесување на корекциите од страна на авторите, се предлага ракописот да биде одобрен за употреба како учебник по предметот: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование, поради неговиот исклучителен квалитет, современиот пристап, јасна концепциска поставеност и усогласеноста со образовните стандарди и наставната програма, како и поради неговата функционалност во наставната практика и значајниот придонес кон развојот на знаењата и вештините кај учениците.

Втората индивидуална рецензија/мислење е потпишана од проф. д-р Марија Љакоска, член, која на мошне детален начин и на 6,5 страни го анализира Ракописот под шифра 27. Всушност се работи за потполно негативна рецензија. Под насловот Некои конкретни недостатоци и грешки проф. Љакоска на дури 4 страни изнесува голем број забелешки за кои инсистира на нивна корекција. Дополнително во останатиот дел од Рецензијата се наведуваат уште значителен број на забелешки. Токму поради изнесените негативни критики и забелешки на крајот во заклучната констатација се истакнува дека од претходната анализа и долгата листа на недостатоци во Ракописот, меѓу кои има и елементи со нагласена етничка и расна разноликост, смета дека ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра **27 НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА** од предвиденото подрачје, со што не добива позитивно стручно мислење за да се најде во образовниот систем.

Во третото индивидуално стручно мислење за ракописот на учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра 27, м-р Невенка Стоева наведува низа позитивни карактеристики. Се констатира дека учебникот ги опфаќа сите тематски целини и содржини како што е предвидено со наставната програма и во согласност со вкупниот број на часови по предметот Географија. Учебникот соодветно е поделен на четири целини: Африка, Америка, Австралијасо Океанија, како и географија на поларните области. Рецензијата се состои од 2,5 страни и се изнесуваат исклучиво позитивни критики. Во текот на увидот евидентирани се мал број на технички/печатни грашки кои во никој случај не влијаат на неговиот квалитет. Сугерирано е е да се направи нивна корекција односно нивно отстранување, иако не се наведуваат во Рецензијата. Затоа не претставува изненадување што Рецензијата завршува со делот *Заклучок и предлог*, каде се истакнува дека Ракописот под шифра 27 е напишан со современ пристап кон учењето и поучувањето. Меѓу другото се обезбедуваат услови за индивидуализирана настава по предметот Географија. Согласно сето наведено Ракописот ги исполнува критериумите и стандардите на соврене учебник во основно образование. Поради тоа се предлага Ракописот под шифра **27 да се прифати и да се одобри за печатење и употреба како учебник.**

Имајќи ги во предвид документите од БРО и трите одделни стручни мислења од Рецензентската комисија, истакнуваме дека стручната комисија на БРО меѓу три ракописи позитивно се изјасни единствено за Ракописот под шифра 27. Истиот Ракопис потоа беше стручно евалуиран од Рецензентска комисија, невообичаено преку три индивидуални рецензии/стручни мислења. Бидејќи се работи за две позитивни наспроти едно негативно стручно мислење објективно е да одлучиме во полза на преовладувачкото мислење, уште повеќе што стручното мислење на БРО е за ракописот под шифра 27. Токму затоа предлагаме НКУ ДА ГО **ОДОБРИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК ПО ПРЕДМЕТОТ Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование **ПОД ШИФРА 27**, НО ПРЕТХОДНО ОБВРЗУВАЧКИ ДА СЕ ВНЕСАТ **ЗАБЕЛЕШКИТЕ ОД ДВЕТЕ ПОЗИТИВНИ РЕЦЕНЗИИ** (проф. д-р Ресуљ Хамити и м-р Невенка Стоева).

Скопје, 14.05.2026

проф. д-р Тони Филипоски,

член –известител на НКУ

---------------------------------------

-